РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Општинско основно училиште - Shkolla fillore komunale
"АНДРЕЈА САВЕСКИ КИЌИШ" - "ANDREJA SAVESKI QIQISH"
Бр. / Nr. 0102-373/1
13. 11 20 25 год./viti
ТЕТОВО - TETOVË

ООУ „Андреја Савески - Ќиќиш" Тетово

**ИЗВЕШТАЈ ОД**

**САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА**

**ОПШТИНСКОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „АНДРЕЈА САВЕСКИ-ЌИЌИШ“ ТЕТОВО**

**за период од 2023 до 2025 година**



октомври, 2025

| Самоевалуација на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Андреја Савески-Ќиќиш“ Тетово |
| Адреса | ул. „Иво Рибар Лола“ бр. 46, Тетово |
| Телефон, е-пошта | 044-336-020<br>ou-andrejasavevskikjikjish-tetovo@schools.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | октомври, 2025 г. |
| Број на ученици во училиштето | 271 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | д-р Дијана Петровска |
| Потпис | |
| Датум | 7.11.2025 г. |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Виолета Томеска-Василевска |
| Потпис | |
| Датум | 13.11.2025 г. |

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Општинското основно училиште „Андреја Савески-Ќиќиш“ Тетово изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 до 2025 година. За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор донесе Одлука за формирање на Комисија за спроведување на самоевалуација на училиштето со арх. бр. 0202-288/4 на 19.9.2025 година со следниот состав:

- Достана Богојевска-Сарџоска – педагог
- Моника Миланоска – психолог
- Слободан Зафировски – предметен наставник
- Фатбарда Салихи – одделенски наставник
- Марија Ковачевиќ – родител

Самоевалуацијата беше спроведена во октомври, 2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани четири тима за четири клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | КООРДИНАТОР – Нада Антовска<br>Елизабета Стојческа<br>Ајше Селимај-Садики<br>Андријана Блажеска-Димчевска<br>Славица Јаневска<br>Анастасија Дојчиновска<br>Виолета Аврамоска<br>Линдита Амети<br>Симон Бунески<br>Симона Ефкоска |
| 2. Постигања на учениците | КООРДИНАТОР – Достана Б. Сарџоска<br>Радмила Мирчевиќ<br>Лидија Ризова<br>Ирена Пејчиновска<br>Валмир Вехаби<br>Дијана Ценовска<br>Ваљбона Ибраими<br>Флорина Рамадани<br>Лариса Е. Теофиловска<br>Зоран Бошковски |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | КООРДИНАТОР – Моника Миланоска<br>Маја Турмакоска<br>Анета Јанковска<br>Надица Јовановска<br>Снежана Серафимовска<br>Јулијана Стефановска<br>Емине Шерифи<br>Љубиша Марковиќ<br>Фатдбарда Салихи<br>Рената Лалиќ |
| 4. Управување и раководење | КООРДИНАТОР – Слободан Зафировски<br>Славка Митрушевска<br>Јасмина Кировска<br>Шејназе Камбери<br>Магдалена Б. Зафировска<br>Соња Ј. Ристовска<br>Елена Начева<br>Шпреса Арифи<br>Душко Спасовски<br>Валентина Јаковска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 10.11.2025 година, секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот / резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето.<br>Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците.<br>Дополнително, училиштето обезбедува индивидуална поддршка за 7 ученици со посебни образовни потреби, фокусирајќи се на развивање и зајакнување на нивните функционални способности. Оваа инклузивна практика го јакне капацитетот на учениците за поуспешно учество во наставата и создава позитивна училишна средина. Покрај тоа, учениците активно учествуваат на сите акредитирани натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја конкурентноста и успехот на училиштето во надворешни активности.<br>Наставниците планираат вонnаставни активности, и при нивното планирање ги вклучуваат учениците, што резултира со зголемена мотивација и интерес за учество. Училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), како и работилници со ученици од други култури и друг наставен јазик.<br>Постои задоволство кај учениците во однос на праведноста на оценувањето и училиштето има јасна политика за ова прашање. Ова укажува на добра страна во спроведувањето на оценувањето или во транспарентноста на процесот.<br>Потребно е да се создадат постапки за информирање и мотивирање на учениците за активно учество во активностите поврзани со МИО, со цел да се постигне поголема инклузивност и разбирање меѓу различните етнички групи.<br>Иако училиштето се истакнува по многу аспекти, потребни се неколку клучни |

| |
|---|
| интервенции за да се подобри процесот на учење и вклученоста на учениците. Вклучувањето на учениците во планирањето на активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето и зголемената инклузивност во МИО активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина. |
| **Силни страни**<br>Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на планирањето. Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.<br>Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.<br>Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.<br>Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.<br>Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.<br>Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.<br>Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.<br>Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.<br>Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.<br>Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.<br>Училиштето планира и реализира вонннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој. |
| **Слаби страни**<br>Наставниците соработуваат во рамките на активите во однос на планирањето на наставата, но не и во однос на реализацијата на наставата.<br>Во училиштето постои пристап за лица со физичка попреченост само на првиот кат од училишната зграда.<br>Недоволна покриеност со алатки за современа настава (смарт табли, дигитални уреди за учениците). |
| **Приоритети**<br>Зајакнување на соработката во рамките на стручните активи во однос на реализацијата на наставата преку дисеминација и споделување добри практики со нагледни и отворени часови.<br>Зголемување на активности во училиштето во кои учениците ќе бидат вклучени во работилници со ученици од други култури и друг наставен јазик<br>Обезбедување повеќе средства и алатки за современа настава. |

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Постигањата на учениците се многу важни за нашето училиште, затоа што ја покажуваат способноста на училиштето не само да ги следи резултатите, туку и да презема ситематски мерки за нивно унапредување. Следењето на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставните предмети и според класифициските периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, по секоја извршена анализа, резултатите се презентираат пред Наставничкиот совет, стручните активи, Советот на родтели и Училишниот одбор, при што се дефинираат конкретните мерки за унапредување на постигањата на учениците.<br>Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со посебни образовни потреби и систематски го следи нивниот напредок. Идентификацијата се врши со опсервација од страна на одделенскиот раководител, предметните наставници, стручните соработници и тимовите за инклузија. Надарените и талентираните ученици добиваат поддршка со вкучување во воннаставните активности, учество во слободните ученички активности, како и редовно учество на конкурси и натпревари организирани од училиштето, општината и постигнуваат солидни резултати.<br>Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период преку евидентните листови за постигнатиот успех на родителските средби, на приемните денови на наставниците, според потребата се комуницира во група со родители, како и со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за напредокот и редовноста на своето дете.<br>Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности.<br>Во текот на целата наставна година се врши следење на редовноста на учениците и по потреба се преземаат мерките пропишани со Законот за основно образование. Според анализите во секој квалификационен период, редовноста на учениците задоволува. Отсуствата се најчесто оправдани со медицински белешки, најголемиот број изостаноци се прават во сезоната на грипови.<br>Училиштето континуирано ја следи редовноста, успехот и однесувањето на учениците, ги анализира причините за отсуствата од наставата (оправдано/неоправдано) и нивното несоодветно однесување и навремено презема мерки за подобрување на редовноста на учениците преку советување на родителите.<br>Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците користат методи и стратегии за подобрување на |

| |
|---|
| успехот на учениците, но и дополнување на пропуштените знаења во текот на учебната година. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области. И покрај добро структурираните наставни програми и планови, се воочува слаба мотивацијата на учениците да ја посетуваат дополнителната и додатната настава, воочено е дека дел од учениците не се чувствуваат доволно поддржани кога имаат потешкотии во совладување на материјалот, што може да влијае на нивната мотивација и постигнувања. Разликите во пристапот и достапноста на дополнителната и додатната настава укажуваат на потреба од систематизација и подобра организација. |
| **Силни страни**<br>Училиштето ги следи постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставните предмети и според класифициските периоди преку прибирање на податоци и изготвување на полугодишни и годишни извештаи.<br>Училиштето ги идентификува учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со посебни образовни потреби и систематски го следи нивниот напредок.<br>Со учениците со потешкотии во учењето и со учениците со посебни образовни потреби инклузирани во редовна настава покрај наставниците работат и стручните соработници.<br>Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста.<br>Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведениото на секој ученик.<br>Учениците и родителите навремено и редовно се информираат за постигањата и напредувањето од страна на наставниците.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.).<br>Големата ангажираност на стручните соработници и наставниците во извршување на наставните и вонаставните активности за подобрување на успехот на учениците<br>Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава.<br>Учениците се интензивно вклучени во вонаставните активности и СУА.<br>Учениците постигнуваат одлични резултати на натпреварите и на конкурсите на кои учествуваме.<br>Наставниците и стручните соработници преземаат континуирани активности за подобрување на постигањата на учениците одразличен пол и етничка припадност.<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, наставниците и родителите за постигањата на учениците. |
| **Слаби страни**<br>Ниска мотивација на учениците и некунтинуирано поттикнување од страна на наставниците за подобрување на успехот.<br>Некои ученици не се задоволни од начинот на организирање на додатната и дополнителната настава.<br>Училиштето има јасен распоред и план за реализација на дополнителната и додатната |

настава, но постои потреба да се подобри ефикасноста и реализацијата на истата.

**Приоритети**

Унапредување на поддршката за учениците со тешкотии во учењето.

Подигање на мотивацијата кај учениците за редовно посетување на дополнителна и додатна настава.

Подобрување на организацијата и методите за реализација на дополнителна и додатна настава.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Подрачјето „Училишна клима и односи во училиштето" покажува цврста основа на институционална стабилност и висока општа перцепција на квалитетот на работењето. Имиџот на училишното средиште е позитивно афирмиран во локалната заедница — училиштето е препознатливо по организациската посветеност, професионалноста на наставниот кадар и промоцијата на вредности како креативност, хуманост и општествена одговорност. Во центарот на воспитно-образовната пракса е усвоениот и транспарентно презентираниот Кодекс/Правилник за однесување и куќниот ред, кои се примарна референтна рамка за дисциплина и меѓусебна почит. Учениците се активно вклучени во училишниот живот преку Ученичкиот парламент и функцијата ученички правобранител, што ја зајакнува нивната одговорност и учество во донесување одлуки. Стручната служба (педагошко-психолошка служба, специјален едукатор и рехабилитатор) систематски води евиденција, реализира превентивни и психосоцијални интервенции и координира индивидуални планови и поддршка за учениците. Соработката со родители и со локалната заедница е интензивна и структурирана — преку редовни средби, меморандуми, проекти и донации се обезбедуваат дополнителни ресурси и експертска помош. Во рамките на здравствено-превентивните активности се организираат работилници и трибини за превенција од врсничко насилство, зависности и заразни болести, како и практични акции за унапредување на хигиената и здравата исхрана. И покрај овие јакости, анализа на податоците и релевантните интервјуа укажуваат на потреба од дополнително опремување за инклузија, формализирање на некои протоколи (особено за постапување при насилство) и подобрување на континуитетот во оперативните практики, што претставува насока за приоритетни интервенции во наредниот период.

**Силни страни**

Јасно институционализиран Кодекс/Правилник за однесување, јавно објавен и редовно презентиран.

Позитивна училишна клима: меѓусебна почит, професионална соработка меѓу вработените и чувство на безбедност кај учениците.

Институционализирано ученичко учество (Ученички парламент, ученички правобранител) кое придонесува за демократско вклучување.

Активна и продуктивна соработка со родители и локална заедница (меморандуми, проекти, донации, експерти).

Стручна поддршка (педагошко-психолошка служба, специјален едукатор/рехабилитатор) која реализира евиденција, индивидуална поддршка и превентивни програми.

Редовни програми за превенција (врсничко насилство, зависности), активности за здрава

исхрана и здравствена заштита.

**Слаби страни**

Недоволно специјализирани ресурси за инклузија (сензорни и дидактички материјали, сензорна просторија, дополнителни помагала).

Храната кој е достапна од надвор е неквалитетна.

Помал број родители не се доволно и јасно информирани за постапувањето на училиштето за превенција и постапување во случај на насилство.

**Приоритети**

Формално усвојување и имплементација на Протоколот за превенција и справување со насилство, со јасни процедури за пријавување, евиденција и мониторинг.

Набавка и опремување со специјализирани дидактички и сензорни материјали и создавање просторија за сензорна стимулација/релаксација.

Засилување на комуникацијата и партиципацијата на родителите (тематски работилници, флексибилни форми на вклучување).

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Ова подрачје се однесува на целокупното функционирање на училиштето како организација – начинот на кој се раководи, се организира и се насочува неговиот развој. Преку ова подрачје се проценува колку ефективно училиштето ги користи расположливите ресурси, ги спроведува образовните политики и обезбедува услови за квалитетно воспитно-образовно работење. Фокусот е ставен на тоа дали училиштето има јасна визија, мисија и стратешки насоки кои се усогласени со потребите на учениците и локалната заедница. Се оценува дали стратегискиот и годишното планирање се заснова на реална анализа и постигнувањата, проблемите и можностите, како и дали активностите се следат и приспособуваат во текот на годината.

Особено значајно е раководењето и лидерството на директорот и стручниот тим – нивната способност да создадат позитивна клима, да мотивираат и поддржат наставници и ученици, да поттикнат тимска работа и иновативна пракса. Во рамките на ова подрачје се следи и вклученоста на сите засегнати страни – наставници, ученици, родители и претставници на локална самоуправа во процесите на одлучување и планирање и евалуација на училиштето. Дополнително, се анализираат начините на комуникација, транспарентноста и отчетноста во работењето – колку училиштето отворено информира за своите активности и резултати, како управува со финансиските и материјалните ресурси и дали обезбедува правична распределба на одговорности. Самоевалуацијата на ова подрачје овозможува училиштето да ги идентификува своите силни страни (ефикасно лидерство, добро организирани процеси, јасна визија) и областите што бараат подобрување, односно поголема вклученост на наставниците, транспарентност и подобро следење на резултатите. Целта е континуирано подобрување на системот на управување, со што се создава училишна култура заснована на соработка, развој и отчетност, која придонесува за постигнување на поквалитетно образование и развој на сите учесници во училиштето.

**Силни страни**

Управувањето и раководењето со училиштето е според законските норми.

Ефикасна искористеност на просторните капацитети.

Целите и креирањето на училишната политика се во согласност со државната и локалната

| |
|---|
| образовна политика.<br>Училиштето обезбедува ресурси, потрошен и нагледен материјал во согласност со потребите на наставниот кадар и во рамките на својот буџет.<br>Училишната библиотека е достапна за сите ученици со доволно простор за учење и читање книги.<br>Училишниот двор е хортикултурно уреден со нови и здрави садници.<br>На училишната зграда е поставена нова високо енергетски фасада.<br>Спортската сала е затоплена и во зимскиот период, наставата се одвива непречено. Затоплувањето на спортската сала е реализирано од сопствениот буџет на училиштето.<br>Дел од училниците се целосно реновирани (поставен нов под).<br>Сите училници, наставничката канцеларија и другите помали канцеларии се опремени со клима инвертери.<br>Целото училиште е покриено со стабилна Интернет врска.<br>Училиштето има обезбедено образовни асистенти за учениците со ПОП.<br>Училиштето редовно ја следи работата на наставниците, ги мотивира и вложува во нивното усовршување. |
| **Слаби страни**<br>Потреба од зголемен буџет на училиштето.<br>Недоволна заинтересираност на наставниците за развојните активности на училиштето.<br>Мал број на наставници се вклучени во реализација на проекти.<br>Училиштето не е вклучено во меѓународни училишни мрежи.<br>Надворешните спортски терени не се функционални. |
| **Приоритети**<br>Мотивирање на наставниците за вклучување во развојните активности на училиштето.<br>Мотивирање на наставниците за вклучување и соработка на меѓународни проекти и училишни мрежи.<br>Планирање и навремено обезбедување на потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вonнаставните активности. |

## Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

1. Да се зајакне соработката меѓу наставниците во рамките на стручните активи преку организирање на отворени часови, споделување добри практики и дисеминација на успешни модели на работа.

2. Да се овозможи континуирано професионално усовршување на наставниците за примена на современи наставни стратегии, диференцирано поучување и формативно оценување.

3. Да се обезбеди подобра опременост со современи наставни средства и дигитални алатки (смарт табли, таблети, проектори, интернет ресурси) со цел модернизација на наставниот процес.

4. Да се унапредат инклузивните практики преку дополнителни обуки за наставниците и проширување на активностите на Училишниот инклузивен тим.

5. Да се зголеми учеството на учениците во планирањето и реализацијата на наставните и воннаставните активности за поттикнување на нивната автономија и одговорност.

6. Да се засилат активностите поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието (МИО) преку заеднички работилници, културни настани и проекти со училишта од различни наставни јазици.

Подрачје 2: Постигања на учениците

1. Да се развие систем за поттикнување на мотивацијата и успехот на учениците преку јавни пофалби, признанија и промоција на позитивни ученички примери.
2. Да се унапреди реализацијата на дополнителната и додатната настава, со редовно следење на ефективноста и задоволството на учениците.
3. Да се зголеми поддршката за учениците со тешкотии во учењето, преку индивидуализирани планови, редовна стручна поддршка и вклучување на родителите во процесот.
4. Да се спроведува редовна анализа на постигнувањата по пол, етничка припадност и наставен јазик со цел рано откривање на разлики и навремено преземање мерки.
5. Да се поттикне учество на учениците на натпревари, истражувачки и креативни активности за развивање на компетенции, самодоверба и одговорност.
6. Да се засили соработката со родителите преку едукативни средби, индивидуални консултации и редовна комуникација за напредокот и потребите на учениците.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

1. Да се формализира и доследно да се спроведе Протоколот за превенција и справување со насилство, со јасно дефинирани постапки, одговорности и начини на известување.
2. Да се подобрат условите за инклузија преку набавка на сензорни и дидактички материјали, опремување на сензорна просторија и обезбедување пристапност во просторот.
3. Да се унапредат комуникациските и меѓучовечките односи во училиштето преку тимски активности, обуки за ненасилна комуникација и зајакнување на соработката меѓу сите вработени.
4. Да се засили комуникацијата и партнерството со родителите и локалната заедница преку тематски работилници, проекти и волонтерски акции.
5. Да се реализираат програми за промоција на здрав начин на живот, превенција на ризично однесување и унапредување на менталното здравје кај учениците.
6. Да се развива ученичкото лидерство преку активности на Ученичкиот парламент, обуки за ученички правобранители и формирање тематски клубови на интереси.

Подрачје 4: Управување и раководење

1. Да се зголеми финансиската стабилност на училиштето преку активно аплицирање на проекти и партнерства со општината, невладиниот сектор и меѓународни фондови.
2. Да се мотивира наставниот кадар за вклучување во развојни и проектни активности преку вреднување, признанија и можности за професионален напредок.
3. Да се обезбеди учество на училиштето во меѓународни образовни програми и мрежи (Erasmus+, eTwinning, School Education Gateway).
4. Да се подобрат инфраструктурните услови, особено надворешните спортски терени и зелените училишни површини.
5. Да се воведе редовно следење и анализа на реализацијата на стратешките и годишните цели, со јасно дефинирани индикатори на успех.

Со реализацијата на предложените мерки ќе се овозможи континуирано унапредување на наставниот процес, постигањата на учениците, меѓучовечките односи и системот на управување. На тој начин, ООУ „Андреја Савески-Ќиќиш" – Тетово ќе ја зајакне својата улога како современа, инклузивна и мотивирачка образовна заедница во која се негуваат квалитет, почит и личен развој на сите учесници во воспитно-образовниот процес.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Процесот на самоевалуација во ООУ „Андреја Савески-Ќиќиш" – Тетово за периодот 2023–2025 година овозможи објективен увид во состојбите и квалитетот на сите аспекти од воспитно-образовната дејност. Преку анкетирање, анализа на документацијата, разговори и тимска дискусија, беа идентификувани силните страни на училиштето, како и областите во кои е потребно дополнително унапредување.

Самоевалуацијата покажа дека училиштето располага со стручен, мотивиран и одговорен кадар, кој посветено работи на развивање на ученичките компетенции, на поттикнување на соработка и почитување, како и на промовирање на инклузивни вредности. Наставата се реализира во позитивна атмосфера, со почит кон различностите и со континуирани напори за користење на современи наставни пристапи и дигитални алатки.

Сепак, потребно е да се продолжи со систематско следење на резултатите и ефектите од наставата, со редовна анализа на ученичките постигнувања и со примена на податоците за понатамошно планирање. Дополнително, се препорачува:

- зајакнување на професионалниот развој на наставниците преку обуки, студиски посети и размена на добри практики;
- континуирано унапредување на инклузивната култура и поддршка на учениците со посебни образовни потреби;
- збогатување на наставниот процес со интердисциплинарни и проектни активности;
- продлабочување на партнерството со родителите и локалната заедница;
- активно учество на училиштето во меѓународни проекти и програми за размена.

Резултатите од самоевалуацијата ќе бидат користени како основа за изготвување на Годишната програма за работа и за планирање на идните активности насочени кон унапредување на квалитетот во сите подрачја.

Со ова, училиштето ја потврдува својата посветеност на континуиран развој, на поттикнување на ученичката мотивација и успех, како и на создавање современа и поддржувачка образовна средина во согласност со националните стандарди и европските вредности.

Комисија за спроведување на СЕУ:
Достана Богојевска-Сарџоска – педагог
Моника Миланоска – психолог
Слободан Зафировски – предметен наставник
Фатбарда Салихи – одделенски наставник
Марија Ковачевиќ – родител

Тетово, 13.11.2025 г.

Директор:
д-р Дијана Петровска